# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија, согласно Програмата за развој на туризмот за 2018 година на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија бр. 17 од 26.01.2018 година), објавува:

**ЈАВЕН П О В И К**
**За субвенционирање на седум општини за изработка на локални Стратегии за развој на туризмот**

- **Предмет** на јавниот повик – Избор на седум општини за изработка на локални Стратегии за развој на туризмот, согласно Програмата за работа на Министерството за економија.
- Право на учество на јавниот повик имаат сите заинтересирани Општини на Република Македонија кои немаат локални Стратегии за развој на туризмот или истите што ги имаат се со поминат рок на важност.

**Потребни документи за пријавување:**

- Образец ( Барање );
- Изјава дека општината нема изготвена Стратегија за развој на туризмот или истата е со поминат рок на важење.
- Краток опис на туристичките потенцијали на општината.
- Предлог буџет за реализација на Стратегија за развој на туризмот и рок за реализација на истото.

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува до Министерство за економија, Сектор за туризам и угостителство.**

Образецот на барањето за пријавување на Јавниот повик и Изјавата, подносителите може да ги подигнат од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk

Барањата за изработка на локална Стратегија за развој на туризмот ги разгледува Комисијата формирана од страна на Министерот за економија.

Комисијата по пристигнувањето на сите Барања за субвенционирање на изработка на локални Стратегии за развој на туризмот доставени за времетраењето на Јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнатите барања и ќе изготви Листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација која заедно со Извештајот за евалуација ја доставува до Министерот за економија.

По изборот на апликанти ќе следи склучување на договор помеѓу Министерството за економија и избраниот апликант – Општина, со која апликантот се обврзува да ја реализира постапката за изработка на локалната Стратегија за разврој на туризмот за соодветната Општина.
По реализација на изработка на локалната Стратегија за развој на туризмот, за истата треба до Министерство за економија да се доставaт финансиски докази (договор и фактура) и копија од изготвената локална стратегија.

Барањата за кофинансирање на Локалната стратегија со комплетната документација се доставуваат до Архивата на Министерство за економија, ул. “Јуриј Гагарин” 15, Скопје заклучно со **23 Април 2018 година.**

**За подетални информации да се обратите на :**
**тел:(02) 3093 543; (02) 3093 536·факс: (02) 3093 540: емаил: tourism@economy.gov.mk**